**20242113683**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 88 став (7), член 381 став (4) и став (7), член 383 став (13), член 384 став (3), член 386 став (11), член 389 став (3), член 396 став (10) и член 427 став (1), а во врска со член 438 алинеја 9) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4.10.2024 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ЗА ИНВЕСТИЦИСКО СОВЕТУВАЊЕ И ПРИЗНАВАЊЕ НА ДОКУМЕНТ ЗА СТЕКНАТИ ВАЛИФИКАЦИИ ВО СТРАНСТВО ВО ОБЛАСТА НА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКО СОВЕТУВАЊЕ

## Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за содржината, условите и постапката за организирање и спроведување на обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност и за инвестициско советување и признавање на документ за стекнати квалификации во странство во областа на работење со хартии од вредност и инвестициско советување се уредуваат:

− условите и постапката за организирање на обуките, содржината на наставните програми и испитните области, условите за избор на едукатори, обврските на едукаторите и на кандидатите кои следат обуки и полагаат стручни испити за работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување, како и динамиката за одржување на обуките и стручните испити;

− условите и постапката за спроведување на стручните испити, надзор над регуларноста на испитите и динамиката за одржување на истите;

− условите, начинот и постапката за признавање на документи издадени од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност и/или инвестициското советување или од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет, со кој се докажуваат стекнатите квалификации во странство во областа на работење со хартии од вредност и/или инвестициското советување;

− други прашања од значење за обезбедување на фер, транспарентен и рамноправен третман на сите кандидати кои следат обуки и полагаат стручни испити за работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување.

## Организација на обуки и стручни испити

Член 2

(1) Обуки и стручни испити за работење со хартии од вредност и инвестициско советување организира и спроведува Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисијата).

(2) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на обуките и стручните испити ги вршат одговорни лица определени со посебна одлука од страна на Претседателот на Комисијата.

(3) Одговорните лица од став (2) за својата работа ќе добиваат надоместок во висина која не го надминува износот на една просечна нето плата во Република Северна Македонија за што Комисијата донесува одлука.

(4) Стручните испити технички ги спроведува правно лице избрано по пат на јавна набавка согласно со законот за јавни набавки. Правното лице треба да ги исполнува предвидените услови за спроведување на полагањата на стручните испити согласно член 14 став (1) од овој Правилник.

(5) За обуките и полагањето на стручните испити и при повторно полагање на дел од стручните испити, кандидатите плаќаат надоместок утврден со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за надзор на пазарот на капитал.

## Обуки и полагање на стручни испити

Член 3

(1) Обуките и стручните испити се спроведуват врз основа на констатирана потреба од страна на Комисијата, но не помалку од еднаш годишно.

(2) Комисијата на својата веб страница и во два дневни весници кои излегуваат на цела територија на Република Северна Македонија на македонски јазик и на албански јазик, објавува оглас со кој ги известува заинтересираните кандидати за организирање на обука и стручен испит за работење со хартии од вредност и инвестициско советување најмалку 20 дена пред почетокот на обуките, како и за начинот на пријавување на заинтересираните кандидати.

(3) Обуките се организираат во работни денови во попладневните часови и во денови на викенд, согласно распоредот кои кандидатите го добиваат првиот ден на обуките.

(4) Комисијата со решенија утврдува дали кандидатите кои поднеле барање за следење обука и стекнување на право за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност и инвестициско советување ги исполнуваат условите за следење на обуките и полагање на стручните испити.

## Начин на одржување на обуките

Член 4

(1) Обуките се одржуваат согласно подготвените наставни програми кои се составен дел на овој Правилник (ПРИЛОГ 1 и ПРИЛОГ 2).

(2) Обуката за работење со хартии од вредност се реализира со времетраење од 40 часа, а обуката за инвестициско советување се реализира со времетраење од 154 часа.

(3) Доколку за обуките се пријават помалку од 30 кандидати, истите ќе се спроведат како менторска настава, за што пријавените кандидати ќе бидат навремено известени.

(4) Следењето на обуките не е задолжително.

**Кандидати за следење на обуки и полагање на стручни испити**

Член 5

(1) Право на следење на обука и стекнување на право за полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност има лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да има завршено најмалку четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација или најмалку има 180 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС).

(2) Право на следење на обука и стекнување на право за полагање на стручен испит за инвестициско советување има лице кое ги исполнува следниве услови:

а) да има завршено најмалку четиригодишно високо образование VII/1 или студирал според Болоњската декларација или најмалку има 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и

б) да има искуство од најмалку една година од областа на финансиите.

(3) За следење на обуките и стекнување на право за полагање на стручните испити кандидатите поднесуваат барање до Комисијата во рок определен во огласите за организирање на обуки и полагање на стручни испити објавени во дневните весници и на веб страница на Комисијата.

(4) Барањето од став (3) на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишан образец „Барање за следење обука и стекнување на право за полагање на стручен испит” (Образец-1)“ кој е составен дел на овој Правилник.

(5) Образецот-1 треба да е испишан уредно, читливо и без корекции и истиот треба задолжително да ги содржи сите пропишани податоци за кандидатот за следење на обука и стекнување на право за полагање на испит за работење со хартии до вредност и/или инвестициско советување, како и листа на документација која е доставена во прилог на барањето.

(6) Кандидатите имаат обврска во рок од 15 дена од денот на поднесување, барањето од став (3) да го комплетираат со следната документација:

− доказ за исполнување на условите од став (1) точка а) и став (2) точка а) и б) од овој член;

− доказ за уплатен надоместок согласно Тарифникот за утврдување висина на надоместоците што ги наплатува Комисијата.

(7) Документацијата од став (6) на овој член која се поднесува во прилог на барањето до Комисијата треба да се достави во оригинал или нотарски заверена копија.

(8) Доколку доказот за поседување на потребно образование е стекнат во странство тогаш во документацијата од став (6) на овој член кандидатите треба да достават и доказ за нострификација издаден од соодветен надлежен орган согласно закон.

(9) Комисијата по потреба може да побара да се изврши увид во важечки документи за лична идентификација на кандидатите кои поднеле барање од став (3) на овој член, при што овластените лица кои вршат увид задолжително го пополнуваат пропишаниот образец „Потврда за извршен увид во важечки документи за лична идентификација (Образец-4)“ кој е составен дел на овој Правилник.

(10) Во случајот од став (9), доколку кандидатите не се во можност да достават на увид важечки документи за лична идентификација, задолжително до Комисијата доставуваат потврда за постоење на факти (афидавит), издадена од страна на нотар односно надлежен орган.

**Права и обврски на кандидатите**

Член 6

(1) Кандидатите кои ќе ги следат обуките на почетокот на истите добиваат распоред на предавања и основна литература (Прирачници за обука и полагање на стручни испити).

(2) Кандидатите на крајот на секое предавање пополнуваат листа за присутност, со цел на крајот од обуките оние кандидати кои ги следеле предавањата од секоја соодветна област да пополнат анкета за квалитетот на предавањата, предавачите и литературата за обуките.

**Стручни испити и испитни рокови**

Член 7

(1) Стручните испити се состојат од два дела:

а) Прв дел (теоретски дел), со кој се проверува теоретското знаење на кандидатите.

− Полагањето на првиот дел од стручните испити се врши електронски на компјутер со одговарање на определен број на прашања со избор на еден точен одговор од понудени пет можни одговори, организирани во форма на електронски тест при што секој од прашањата се вреднуваат со еден, два и три поени во зависност од нивната тежина односно лесно, средно и тешко прашање.

б) Втор дел (практичен пример), со кој се проверува способноста за примена на законите во практиката.

− Полагањето на вториот дел од стручните испити се врши електронски на компјутер со проучување на студија на случај и одговарање на определен број на прашања и/или задачи поврзани со студијата на случај кои кандидатот треба да ги одговори и/или реши со избор на еден точен одговор од понудени пет можни одговори, при што секој од прашањата или задачите се вреднуваат со еден, два и три поени во зависност од нивната тежина односно лесно, средно и тешко прашање.

(2) Комисијата за секоја од обуките во период од две години организира минимум две испитни сесии. Во рамките на секоја од сесиите, Комисијата определува термини за полагање.

(3) По завршување на обуките, Комисијата во испитните календари однапред определува термини за полагање на стручните испити. Комисијата ги информира кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на стручен испит за датумот, времето, местото на одржување и за начинот на пријавување за полагање на стручниот испит преку нејзината.

(4) Рокот на пријавување за полагање на стручните испити е најдоцна 10 дена пред датумот утврден во испитните календари за одржување на стручните испити. Кандидатите за полагање на стручните испити се пријавуваат лично или преку испраќање на Пријава за полагање на стручен испит која е составен дел на овој Правилник (пропишан Образец-2) по електронски пат.

(5) Кандидатите имаат право да полагаат било која испитна област/предмет/модул од првиот дел од стручните испити во најмногу три последователни термини утврдени за полагање на испитите.

(6) Кандидатите имаат право да полагаат било која испитна област/предмет од вториот дел од стручниот испит во најмногу два последователни термина по завршувањето на првиот дел (теоретскиот дел).

(7) Доколку кандидатите не положат некој од испитните области/предмети/модули од првиот и/или вториот дел од испитот по спроведеното прво полагање, при секое наредно полагање уплатуваат надоместок на сметката на Комисијата за повторно полагање, чија висина е утврдена со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисијата за надзор на пазарот на капитал. Во тој случај доказот за платен надоместок се доставува заедно со пријавата при повторно пријавување.

(8) Кандидатите имаат обврска да ги положат стручните испити во рок од две години од денот на завршувањето на обуките.

(9) Доколку обуките се спроведуваат како менторска настава, кандидатите пријавени на истите имаат обврска да ги положат стручните испити во рок од две години од денот на издаденото Решение за право на полагање на стручен испит од страна на Комисијата за надзор на пазарот на капитал.

(10) Доколку пријавените кандидати не ги положат стручните испити во рокот од став (8) и став (9) на овој член, ќе се смета дека не ги положиле испитите и за секој кандидат Комисијата за надзор на пазарот на капитал ќе донесе Решение за губење на право на полагање на стручен испит.

(11) Кандидатите од став (10) на овој член, имаат право на пријавување на идна обука, на начин и под услови утврдени со овој Правилник.

Член 8

Со посебен договор склучен со Комисијата, се уредуваат правата и обврските на вработените во Комисијата кои ќе ги следат обуките и ќе ги полагаат стручните испити.

**Место и начин на полагање на стручните испити**

Член 9

(1) Стручните испити се полагаат во просторија за полагање на испити, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема, веб врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Стручните испити се полагаат во точно утврдените термини, во присуство на двајца овластени претставници од Комисијата, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и еден информатичар предложен од Министерството за дигитална трансформација.

(3) Полагање на стручните испити се спроведува во работни денови, но во одредени околности и во денови на викенд.

(4) На претставниците од став (2) на овој член еднаш годишно им се исплаќа паричен надоместок во износ од една третина од просечната нето плата во Република Северна Македонија за што Комисијата донесува одлука.

**Почеток на стручните испити**

Член 10

(1) Испитите започнуваат во точно определеното време и траат согласно со времето утврдено со овој Правилник за секоја испитна област/предмет/модул.

(2) Доцнење на испитите, може да се толерира, но само доколку од почеток на испитите не поминале повеќе од 15 минути од оправдани причини.

(3) Кандидатите се должни пред почетокот на испитите на присутните овластени лица да им приложат на увид важечки документи за лична идентификација.

**Напуштање на стручните испити**

Член 11

(1) За време на траење на испитите, кандидатите не можат да ја напуштат просторијата.

(2) Доколку лицата од член 9 став (2), забележат дека кандидатите користат недозволено средство во текот на траењето на испитите или се однесуваат на начин кој ја загрозува регуларноста на истите, им се наложува да ја напуштат просторијата и не им се дозволува натамошно полагање во таа испитна сесија.

(3) Во случај на став (2) на овој член, во записниците се забележуваат причините и времето кога кандидатите се отстранети.

(4) Доколку кандидатите при полагањето не ги почитуваат правилата и користат недозволени средства во текот на испитите, им се изрекува забрана за полагање на стручните испити во траење од две години, за што Комисијата донесува решение.

**Записници од стручните испити**

Член 12

(1) За текот на испитите се водат записници кои ги содржат следните податоци:

− испитна област која се полага;

− место каде се одржуваат испитите;

− датум на одржување на испитите;

− време на почеток и крај на испитите;

− листа на лицата од член 9 став (2) кои присуствувале во текот на полагањето на испитите;

− листи на пријавени кандидати чии пријави се внесени во системот;

− листи на кандидати кои го полагале испитот;

− листи на лицата кои биле отстранети од полагање на испитот (доколку има такви) согласно член 11 од овој Правилник;

− просторни и технички услови за време на испитот (просторија, компјутери, камера, блокирање на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање и сл);

− други забелешки кои присутните овластени лица ги забележале за време на испитот (причини за прекин, техничка неможност на функционирање на системот за полагање и сл.).

(2) Записниците го потпишуваат овластените претставници на Комисијата присутни на полагањето.

(3) Записниците за текот на испитите се изготвуваат на денот на одржувањето на испитите.

**Ревизии на спроведени стручни испити**

Член 13

(1) Материјалите од одржаните стручни испити, електронските верзии од тестовите, студиите на случај и задачите за полагање на стручните испити и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестовите, студиите на случај и задачите, како и снимките од одржаните стручни испити се чуваат во Комисијата и во електронскиот систем за полагање на стручни испити.

(2) Комисијата за надзор на пазарот на капитал формира Комисии за ревизии на одржаните стручни испити, кои во својата работа ги користат материјалите од ставот (1) на овој член. Во Комисиите за ревизии покрај другите членови, задолжително членуваат и две лица предложени од Министерството за финансии.

(3) Комисиите за ревизии се состануваат еднаш годишно и вршат ревизии на спроведување на стручните испити, вклучувајќи и дали стручните испити ги полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на истите за што доставуваат записници до Комисијата за надзор на пазарот на капитал.

(4) На членовите на Комисиите за ревизии им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Северна Македонија, за што Комисијата донесува посебни одлуки.

(5) Доколку Комисиите за ревизии утврдат нерегуларности во спроведувањето на стручните испити од страна на лицата кои ги полагале стручните испити и се стекнале со уверенија за положени стручни испити, предлагаат одземање на истите.

(6) Во случај на став (5) од овој член, Комисијата донесува решенија за одземање на уверенијата врз основа на предлогот на Комисиите за ревизии во рок од три дена од приемот на предлогот.

**Испитни области**

Член 14

(1) Првиот дел од стручните испити се полага по следните предмети:

а) Согласно структурата на наставната програма од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полагаат следните испитни области/предмети:

| **Испитна област** | **Траење на испитот** |
|---|---|
| Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Северна Македонија | **120 минути** |
| Акции | **120 минити** |
| Обврзници | **120 минути** |

б) Согласно структурата на наставната програма од стручниот испит за инвестициско советување се полагаат следните испитни области/предмети/модули:

| **Испитна област** | | **Траење на испитот** |
|---|---|---|
| **ПРВ МОДУЛ** | Регулатива за пазарот на капитал во РСМ | **120 минути** |
| | Квантитативни методи и статистика | **120 минути** |
| | Економика | **120 минути** |
| | Анализа на финансиски извештаи | **120 минути** |
| **ВТОР МОДУЛ** | Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент) | **120 минути** |
| | Анализа и вреднување на акциите | **120 минути** |
| | Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход | **120 минути** |
| **ТРЕТ МОДУЛ** | Финансиски деривативи | **120 минути** |
| | Анализа на алтернативни инвестиции | **120 минути** |
| | Портфолио менаџмент | **120 минути** |
| | Етика, професионални стандарди и односи со клиенти | **120 минути** |

(2) За испитните области/предмети „Акции“ и „Обврзници“ од стручниот испит за работење со хартии од вредност и за испитните области/предмети “Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход” и “Финансиски деривативи” од стручниот испит за инвестициско советување, се полага втор дел од стручните испити кој се состои од студии на случај со прашања и задачи кои кандидатите треба да ги одговорат/решат врз основа на анализите на студиите на случај.

(3) Се смета дека кандидатите успешно го положиле првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит за работење со хартии од вредност ако ги положиле трите испитни области/предмети кои го сочинуваат. Секоја испитна област/предмет се смета дека е успешно положена доколку кандидатите освојат најмалку 70% од вкупниот број на предвидени поени за истата.

(4) Се смета дека кандидатите успешно го положиле првиот дел (теоретски дел) од стручниот испит за инвестициско советување ако ги положиле трите модули кои го сочинуваат. Секој од модулите се смета дека е успешно положен доколку кандидатите освојат најмалку 70% од вкупниот број на предвидени поени за тој модул, но не помалку од 40% од вкупниот број на предвидени поени за секоја од испитните области/предмети во соодветниот модул.

(5) Се смета дека кандидатите успешно го положиле вториот дел од стручниот испит доколку освојат најмалку 70% од вкупниот број на предвидени поени за соодветната испитна област/предмет.

(6) Успехот на стручните испити се оценуваат со „положил“ или „не положил“.

(7) Се смета дека кандидатите успешно ги положиле стручните испити доколку ги положиле и првиот и вториот дел од истите.

**Резултати од полагање на стручните испити, право на увид и приговор**

Член 15

(1) Комисијата на својата веб страница објавува неофицијални списоци во рок од три дена од денот на полагањето на кандидатите кои ги полагале испитите и постигнале резултати од истите.

(2) Секој од кандидатите кои ги полагале испитите имаат право во рок од три дена од полагањето на стручните испити да извршат непосреден увид во електронските тестови или студиите на случај кои ги полагале по претходно поднесено барање за увид до Комисијата лично или по електронски пат при што се прави записник од извршениот увид.

(3) Секој од кандидатите кои полагале имаат право во рок од пет дена од денот на полагањето на стручните испити да поднесат писмени приговори до Комисијата доколку не се согласуваат со резулатите кои ги постигнале.

(4) По приговорите одлучуваат Комисиите за спроведување на стручните испити во рок од седум дена од денот на прием на приговорите.

(5) По истекување на роковите за одговори на последните приговори доставени до Комисиите за спроведување на стручните испити, Комисијата на својата веб страница објавува официјални списоци на кандидати кои ги полагале испитите.

(6) Списоците од став (1) и став (5) од овој член ги содржи следните податоци: испитни области/предмети/модули кои се полагаат, датум на нивно полагање, име и презиме на кандидатите кои полагале и резултатите кои ги постигнале.

(7) Официјалните списоци од став (5) се чуваат на веб страница на Комисијата најдоцна 60 дена од денот на полагање на стручните испити.

**Издавање на уверенија**

Член 16

(1) На кандидатите кои ги положиле и првиот и вториот дел на стручните испити, Комисијата во рок од 15 дена од денот на полагањето на испитите им издава уверенија за положени стручни испити:

− Комисијата ја пропишува формата на уверението за положен стручен испит за работење со хартии од вредност и за инвестициско советување согласно образецот (Образец-5) што се печати на тврда хартија А4 формат со нијанси на пантон класична сина и класична сива боја во хоризонтална позиција кој е составен дел на овој Правилник и

− за припадник на заедницата кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој јазик го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, по нивно барање уверението од ставот (1) на овој член се пишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на неговиот јазик и писмо.

(2) Лицето чие уверение издадено од Комисијата е изгубено, уништено или слично, може од Комисијата да побара издавање на дупликат на уверение.

(3) Кон барањето од став (2) на овој член за издавање на дупликат на уверение, се приложува следново:

− причината за потребата од издавање на дупликат на уверение од Комисијата, како и периодот на следење на обуките и датумот на полагање на стручните испити;

− во случај на губење на истото, доказ дека изгубеното уверение е огласено за неважечко, согласно позитивните законски прописи и

− доказ за уплатен надоместок за издавање на дупликат на уверение за положен стручен испит.

**Признавање**

Член 17

Признавањето на документите издадени од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност и/или инвестициското советување, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажуваат стекнатите квалификации во странство во областите на работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување ги врши Комисијата на начин утврден со овој Правилник.

**Барање за признавање**

Член 18

(1) Комисијата врши признавање на документите издадени од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност и/или инвестициското советување, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажуваат стекнатите квалификации во странство во областа на работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување врз основа на поднесени барања од заинтересираните лица.

(2) Барањето од став (1) на овој член се поднесува до Комисијата исклучиво на пропишан образец „Барање за признавање на документ издаден од глобална професионална организација” со кој се докажуваат стекнати квалификации во странство (Образец-3) кој е составен дел на овој Правилник.

(3) Во прилог на барањето (Образец-3) заинтересираните лица поднесуваат и:

− нотарски заверен превод на диплома или уверение за завршено високо образование или документ за нострификација издаден од надлежен државен орган за диплома или уверение за завршено високо образование во странство или диплома или уверение за завршено високо образование во Република Северна Македонија;

− апостил печат или друг вид на доказ од надлежен државен (јавен) орган за утврдување на веродостојноста и вистинитоста на издадениот документ од страна на глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност и/или инвестициско советување, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување. По исклучок, доколку заинтересираните лица не се во можност да достават документ со апостил печат или друг вид доказ, може да достават нотарски заверен превод на документот, а Комисијата по службена должност врши проверка на веродостојноста и вистинитоста на документот кај организацијата или регулаторното тело кое го издало;

− наставен план и програма на обуките за работење со хартии од вредност и/или инвестициското советување објавен од страна на странски надлежен орган (регулаторно тело) врз основа на која е издаден документ со кој се докажува стекнатата квалификација во странство во областа на работење со хартии од вредност и/или инвестициското советување, освен ако документот за работење со хартии од вредност и/или инвестициското советување е издаден од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет;

− доказ за уплатен надоместок утврден со Тарифникот за утврдување висина на надоместоци што ги наплатува Комисија за надзор на пазарот на капитал и

− друга документација на барање на Комисијата.

**Комисии за признавање**

Член 19

(1) Претседателот на Комисија за надзор на пазарот на капитал со одлука ги именува Комисиите за признавање од најмалку три члена од лицата кои се членови на Комисиите за спроведување на стручните испити.

(2) Комисии за признавање во постапката на признавање ги зема предвид:

− наставниот план и програма освен ако документот е издаден од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација, САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет;

− реномето на институцијата која го издала сертификатот;

− правата кои произлегуваат од стекнатото звање;

– други околности од значење за признавањето.

(3) Комисии за признавање во постапката на признавање, ја зема во предвид пристигнатата писмена документација на лицата кои бараат признавање.

(4) Комисии за признавање во постапката на признавање може од лицата кои го поднеле барањето за признавање да побараат и други документи кои се од важност за донесувањето на одлуката, како и оргиналните документи на увид.

**Извештаи на Комисиите за признавање**

Член 20

Комисиите за признавање во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањата и комплетната документација наведена во членот 22 од овој Правилник подготвуваат извештаи во кои се анализира планот и програмата и правата кои произлегуваат од стекнатото звање и ги предлагаат на Комисијата областите или деловите од областите кои лицата треба да ги положат, за да може документот издаден од глобална професионална организација од областа на хартиите од вредност и/или инвестициското советување, од надлежен орган (регулаторно тело) во земја членка на ЕУ, Европски економски простор, Швајцарската конфедерација САД или друга земја со чиј надлежен орган (регулаторно тело) е склучен договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со кој се докажуваат стекнатите квалификации во странство во областа на работењето со хартии од вредност и/или инвестициското советување да биде признаено и со тоа да може да се издадат уверенија за работење со хартии од вредност и/или  инвестициско советување од Комисијата.

**Решенија за признавање**

Член 21

(1) Комисијата ги усвојува извештаите на Комисиите за признавање и ги известува кандидатите дека услов за издавање уверенија е задолжително полагање на испитната област која се однесува на регулативата за пазарот на капитал во Република Северна Македонија и другите области или делови од области кои ги утврдиле Комисиите за признавање.

(2) По исклучок на став (1) на овој член, доколку постои договор за меѓусебно признавање на професионални квалификации на принцип на реципроцитет со надлежното регулаторно тело на странската држава која го издала сертификатот, Комисијата ги известува кандидатите дека единствениот услов за признавање на сертификатот е полагање на испитната област која се однесува на регулативата за пазарот на капитал во Република Северна Македонија.

(3) Лицата кои поднеле барање за признавање на уверение/сертификат, можат да ги полагаат испитните области од став (1) на овој член, во термините за полагање кои ги организира Комисијата, согласно член 10 од овој Правилник.

(4) кандидатите имаат обврска да ја положат испитната област која се однесува на регулативата за пазарот на капитал во Република Северна Македонија и другите области или делови од области кои ги утврдиле Комисиите за признавање во рок од најмногу 60 дена од првиот овозможен испитен термин на Комисијата за надзор на пазарот на капитал.

(5) По положувањето на испитните области од став (1) на овој член, Комисијата донесува Решенија за издавање на уверенија за работење со хартии од вредност и/или инвестициско советување.

**Овластени брокери и инвестициски советници**

Член 22

(1) Услугите поврзани со извршувањето на налозите на клиентите и нивното информирање за купување или продавање на хартии од вредност кое не претставува инвестициско советување во инвестициско друштво може да ги вршат само овластени брокери кои имаат положено испит за работење со хартии од вредност.

(2) Услугите поврзани со инвестициското советување на клиенти може да вршат само овластени инвестициски советници, кои имаат положено стручен испит за инвестициско советување.

**Преодни и завршни одредби**

Член 23

Со влегувањето во сила на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност („Службен весник на РСМ“ број 192/2019), Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РСМ“ број 192/2019), Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност („Службен весник на РСМ“ број 67/2021) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РСМ“ број 67/2021) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност („Службен весник на РСМ“ број 142/2021).

Член 24

(1) Прилозите кои се составен дел на овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб страница.

(2) Правилникот за содржината, условите и постапката за организирање и спроведување на обука и полагање на стручен испит за работење со хартии од вредност и за инвестициско советување и признавање на документ за стекнати квалификации во странство во областа на работење со хартии од вредност и инвестициско советување влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на влегување на сила на Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024).

Бр. 01-627/1
4 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.